**Оглас за позицијата Преведувач / Асистент на Лидер на компонента за Договорот за грант„ Поддршка на ЕУ за владеењето на правото“ Компонента 1**

Референтен број: IPA/2020/419-800

**Очекуван датум за започнување со работа: 15.10.2021 година**

**Место на вработувањето: Скопје, Република Северна Македонија**

Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ е проект финансиран од ЕУ, а спроведен од Австриската агенција за европска интеграција и економски развој (АЕИ), Министерството за правда и јавна администрација на Хрватска, Сојузното министерство за внатрешни работи на Австрија и Лудвиг Болцман институтот за човекови права.

Главната цел на проектот е зајакнување на владеењето на правото во Република Северна Македонија, поточно:

(1) да се подобрат капацитетите на институциите на правдата за да ја обезбедат правдата на транспарентен и одговорен начин;
(2) да се зајакнат капацитетите за ефикасно спроведување на современи истражни техники во борбата против организираниот криминал;
(3) да се подобри превенцијата и борбата против корупцијата;
(4) да се зајакне заштитата на основните права и да се зајакне употребата на алтернативни средства за притвор.

**Задачи**

1. Поддршка на Лидерот на Компонент 1 во неговите / нејзините секојдневни задачи.
2. Преведувачки вештини / толкување од англиски на македонски јазик и обратно, за време на состаноците и други усни разговори.
3. Превод на документи, регулативи, материјали за обука, информативни материјали и други писмени материјали од македонски на англиски јазик и од англиски на македонски јазик.
4. Подготовка на писмени материјали во врска со проектот на македонски и англиски јазик.



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

5. Водење забелешки, изготвување записници од состаноци, проверка на извештаи.

**Неопходни квалификации:**

1. Универзитетска диплома
2. Професионална флуентност во усменото и писменото изразување на англиски и македонски јазик; познавање на германски јазик ќе се смета за предност
3. Организирана и прецизна личност
4. Самостојна личност
5. Многу добри комјутерски вештини (MS Office, Word, Excel, Internet)
6. Многу добри комуникациски вештини
7. Добра способност за справување во мултикултурна околина
8. Тој/таа ќе може да дејствува во тајност и дискреција и да биде претставителна личност.

**Предности:**

1. Познавање на судскиот систем на Република Северна Македонија, познавање на правни и судски прашања
2. Познавање на претпристапниот процес во ЕУ
3. Искуство во проекти финансирани од Европската унија
4. Познавање на албански јазик и германски јазик ќе се смета за предност

**Плаќање:**

Договорот на определено време ќе биде потпишан за времетраењето на Проектот, предвидено до 17.01.2026 година, и тој/таа ќе биде ангажиран/а од страна на Агенцијата за Европска интеграција и Економски развој (www.aei.at).

**Како да се аплицира:**

Ве молиме да ја испратите вашата апликација (CV Europass формат + мотивационо писмо) по e-mail на: mojca.kuzmicki@rol.mk и dragan.kovacevic@aei.at

Ве молиме да назначите (како во вашиот **e-mail** така и во **мотивационото писмо**) каде сте дознале за овој оглас, како и позицијата (позициите) за кои аплицирате.



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

**Рок**: 5 октомври 2021 година

Кандидатите кои се во потесен избор ќе бидат поканети на интервју.

**ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА:**

Преведувачот / Асистент не треба да бил во било каков договорен однос со институцијата корисник најмалку 6 месеци пред почетокот на неговиот/нејзиниот ангажман.



This project is funded by the European Union

AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development

Federal Ministry Republic of Austria Interior

REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration

LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights

EU with YOU